РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

***Број 1003-306/14***
***Скопје, 27.04.2006 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии на Република Македонија за 2004 година, на сметката Комисија за сметководствени стандарди, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи за сметката Комисија за сметководствени стандарди, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р.Никола Поповски, министер за финансии на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 19/01/2006 до 25/01/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   › Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   › Светлана Кумова-самостоен ревизор;
   › Александар Ѓорѓиевски- Ревизор.

***ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел:3 211 -262; факс 3126-311;***

***Овластен државен ревизор***

_________________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Субјектот нема изготвено годишен финансиски план, согласно член 45 од Законот за извршување на Буџетот.

**Препорака:**

Одговорното лице да изготвува годишен финансиски план, согласно член 45 од Законот за извршување на Буџетот.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи на сметката Комисија за сметководствени стандарди, вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

12. Според наше мислење, освен во точката 10, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**Скопје,26/04/2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
## КОМИСИЈА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 2,251 | 2,857 |
| Неданочни приходи | 789 | 1,060 |
| **Вкупно приходи** | **3,040** | **3,917** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 1,596 | 1,340 |
| Стоки и други услуги | 227 | 326 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,823** | **1,666** |
| **Капитални расходи** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **1,823** | **1,666** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1,217** | **2,251** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1,217** | **2,251** |



***Овластен државен ревизор***

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
## КОМИСИЈА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,217 | 2,251 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,217** | **2,251** |
| **Постојани средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна актива** | **1,217** | **2,251** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1,217 | 2,251 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,217** | **2,251** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **1,217** | **2,251** |